Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-358/20
10-11-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-358/1 од 15.5.2023 година поднесена од Синдикат за приватниот, административниот и јавниот сектор на Македонија, против Јавно сообраќајно претпријатие СКОПЈЕ; Синдикат за транспорт и врски – Синдикална организација независен синдикат на ЈСП Скопје; Синдикат за транспорт и врски – Синдикална организација НЕЗАВИСЕН СИНДИКАТ НА ВОЗАЧИ ПРИ ЈСП СКОПЈЕ; и Синдикат на работниците од сообраќајот и врските на РМ – Синдикална организација при ЈСП СКОПЈЕ, за извршена дискриминација врз основа на возраст, лично својство и општествен статус, во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), 10.11.2023 година го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА ИНДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на возраст, лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи која произлегува од одредби содржани во Колективниот договор потпишан од страна на Јавно сообраќајно претпријатие СКОПЈЕ; [redacted] Скопје; [redacted]; и [redacted] врз вработените во ЈСП СКОПЈЕ на работна позиција помлад возач на автобус.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-358/1 од 5.15.2023 година, од страна на [redacted] на Македонија, за сторена дискриминација врз основа на возраст, лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи, од страна на Јавно сообраќајно претпријатие СКОПЈЕ; [redacted] на ЈСП Скопје; [redacted] ЈСП СКОПЈЕ; и [redacted] при ЈСП СКОПЈЕ.

Согласно наводите од претставката, подносителот, како синдикат, е самостојна, демократска и независна организација на работници, при што вработените во Јавното сообраќајно претпријатие СКОПЈЕ, како вработени во јавниот сектор, имаат право слободно да членуваат во синдикати, и голем број од нив се веќе членови на [redacted] на Македонија.

Подносителот изнесува дека ваквата индиректна дискриминација се врши кон вработените во ЈСП на работно место помлад возач на автобус во јавен превоз, при што согласно систематизацијата на вработените во ЈСП Скопје, за работното место помлад возач на автобус во јавен превоз се систематизирани и предвидени 50 лица, додека за работното место возач на автобус во јавен градски превоз се систематизирани 320 лица. Подносителот на претставката во продолжение изнесува дека во систематизацијата, и за двете работни места се предвидени исти работни задачи.

Имајќи го тоа во предвид, во претставката е истакнато дека во Колективниот договор склучен помеѓу ЈСП Скопје и трите репрезентативни синдикати: [redacted] на РМ – [redacted] при ЈСП СКОПЈЕ; Синдикат за транспорт и врски – [redacted] ПРИ ЈСП СКОПЈЕ; и [redacted] на ЈСП – Скопје, за работно место возач на автобус во јавен превоз се предвидени 1451 основен бод, врз основа на кои се исплаќа основната плата за тоа работно место. Споредбено со тоа, за работното место помлад возач на автобус во јавен превоз, за вршење на ист вид на работни задачи, во Колективниот договор се предвидени 1262 основни бодови. Во продолжение на претставката е истакнато дека вработените во ЈСП Скопје кои работат на работното место помлад возач на автобус во јавен превоз, со години работат на истото работно место како помлад возач во автобус и покрај фактот што вршат исти работни задачи како работното место возач на автобус во јавен превоз, а притоа, имаат понизок личен доход од нивните колеги на ова работно место. Оттука, подносителот тврди дека работодавецот, со ваквата систематизација на своите работни места врши продолжена индиректна дискриминација кон овие вработени со тоа што за исти работни задачи на двете работни места не предвидува ист личен доход.

Во претставката е дополнително наведено дека ваквото дејствување е спротивно на закон и е дискриминирачки да се исплаќа различен износ на плата за извршување на исти работни задачи, на лица кои се вработени на навидум исти работни позиции. Во однос на ова, истакнато е и дека во каталогот за работни места во јавниот сектор од 19.3.2015 година, работно место помлад возач на автобус во јавен превоз не постои.

На крај, подносителот на претставката бара од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација да утврди дека е вршена индикректна дискриминација, и тоа потежок вид на повторена и продолжена дискриминација. Притоа, наведено е дека ваквата дискриминација од страна на работодавецот е извршена со Колективниот договор, со кој вработените на работно место помлад возач на автобус во јавен превоз се ставаат во понеповолна положба.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 13.6.2023 година испрати Известувања бр. 08-358/6; 08-358/7; 08-358/8 и 08-358/9 за произнесување по наводите од претставката до ЈСП СКОПЈЕ; [redacted] на ЈСП – Скопје; [redacted] ПРИ ЈСП СКОПЈЕ; и [redacted] при ЈСП СКОПЈЕ.

Поради недостаток на произнесување од страна на потенцијалните дискриминатори, а со цел правилно утврдување на фактичката состојба и мериторно одлучување по предметот, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 19.7.2023 година, согласно член 29 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, членката на Комисијата Весна Бендевска изврши непосреден увид во просториите на ЈСП СКОПЈЕ, на кој присуствуваше [redacted] за правни работи во ЈСП Скопје.

Со цел утврдување на фактичката ситуација, членката – известител побара информации во однос на споредливоста на двете работни места – возач на автобус во јавен превоз и помлад возач на автобус во јавен превоз, при што од страна на помладиот соработник за правни работи беше образложено дека покрај фактот што ваквата систематизација на работни места постоела од секогаш, додека актот на систематизација го одобрува Министерството за информатичко општество и администрација и ЈСП Скопје се води по донесениот каталог за работни места. Во врска

со ова беше приложен и предметниот каталог, согласно кој вработените на позиција помлад возач се вработуваат без работно искуство. Во однос на тврдењето на подносителот на претставката дека во каталогот на работни места не постои работно место со назив ,,помлад возач на автобус во јавен превоз", во приложениот каталог од 25.9.2015 година постои и е уредено такво работно место. Оттука, во однос на прашањето дали конкретните вработени по стекнување на работното искуство од 2 години се унапредуваат на позиција возач на автобус, беше одговорено дека се унапредуваат само кога има услови за истото.

Со цел да се прибават информации за правилникот за систематизација на работните места во ЈСП Скопје, како и каталогот на работни места издаден од Министерството за информатичко општество и администрација, на ден 28.7.2023 година, согласно член 30 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, во просториите на Комисијата беше остварена средба со Емилија Чукиќ – помошник раководителка на секторот за поддршка на јавните при Министерството за информатичко општество и администрација.

Од страна на помошник раководителката беше истакнато дека постои различна систематизација за двете работни места, при што возачите на автобус во јавен превоз се систематизирани на Б2 ниво, додека помладите возачи се систематизирани на Б4 ниво. Оттука, беше образложено дека вработените не се на иста работна позиција со тоа што разликата во искуство на возач и помлад возач не е споредлива, поради што и е направена законска дистинкција во нивоата што резултира и со различна систематизација за двете работни места. Во однос на регулирањето на промената на основните бодови за пресметување на плата согласно Колективниот договор, беше наведено дека истото не е регулирано од страна на МИОА.

На ден 8.8.2023 година, согласно член 30 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, во просториите на Комисијата беше остварена средба со претставник на подносителот на претставката – [redacted]. Од претседателот на синдикатот беше потребно да се обезбеди информација во однос на тоа колку помлади возачи се унапредени на позиција возачи, при што од негова страна беше наведено дека заклучно со денот кој претходел на денот на средбата, сите помлади возачи биле унапредени на позиција возачи. Спротивно на ова тврдење, вработениот во правното одделение на ЈСП Скопје истакна дека ваквата одлука за трансформација на работните место не поминала на Совет на град Скопје. Притоа, договорите и изменетите договори кои ги приложи подносителот беа склучени помеѓу возачи во ЈСП Скопје и приватна агенција за вработување, поради што членката – известител по предметот го задолжи да достави примероци од претходен договор на позиција помлад возач на автобус во јавен превоз и нов изменет договор за работна позиција возач на автобус во јавен превоз, за ист вработен, при што во својство на работодавач би се јавило Јавното сообраќајно претпријатие - ЈСП Скопје.

Во врска со претходното барање, на 5.9.2023 година беа доставени примероци од договор за вработување на позиција помлад возач бр. 04-700/36 од 25.7.2022 година и анекс на договорот за вработување на позиција возач бр. 04-781/49 од 26.7.2023 година, склучени помеѓу ЈСП Скопје и истиот вработен во претпријатието.

Со цел да се обезбедат дополнителни информации за актуелната состојба со унапредувањата на помладите возачи вработени во ЈСП Скопје, на ден 12.9.2023 година, членката-известителка по предметот Весна Бендевска оствари средба со [redacted]

Бидејќи дел од наводите од претставката беа во однос на тоа дека и помладите возачи, и возачите ги извршуваат истите работни задачи согласно систематизацијата, беше побарано образложение дали постои фактичка разлика во сложеноста на овие работни задачи. Од страна на помладиот соработник за правни работи беше потврдено дека постои ваква разлика во сложеноста на работните задачи, особено во поглед на трасите кои и линиите на кои возачите се распределени да возат, при што дополнително образложи дека станува збор за линии каде би било тешко помалку искусен возач да се снајде, особено поради рестрикции на патот, намалена ширина на истиот и останати фактори. Оттука, беше истакнато лицата кои го немаат потребното искуство, се вработуваат на влезна позиција - помлад возач на автобус во јавен превоз, при што доколку станува збор за лице кое имало претходно стекнато искуство како возач на автобус/камион, истото би можело да аплицира и би било директно примено на работна позиција возач на автобус во јавен превоз.

Во однос на начинот на кој се објавуваат конкурсите за слободни работни места, од страна на вработениот во правното одделение на ЈСП Скопје беше истакнато дека тие прават дистинкција во поглед на искуството кога има отворени работни позиции за возачи и помлади возачи, согласно планот за вработување. Притоа, наведува дека во самите огласи се наведени потребните квалификации за работникот кој аплицира за конкретното работно место, истакнувајќи дека доколку е објавен само оглас за помлад возач на автобус во јавен превоз, на истиот своеволно може да аплицира и лице со поголемо искуство.

Земајќи ги предвид наводите во претставката, произнесувањето по истата, како и прибавените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на ЈСП Скопје врз вработените на позиција помлад возач на автобус во јавен превоз.

Имено, Комисијата констатира дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација која согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација гласи:

*"Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Дополнително, во конкретниот случај не станува збор ни за индиректна дискриминација што би произлегувала од Колективниот договор потпишан меѓу ЈСП  и трите репрезентативни синдикати. Согласно член 8 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, индиректната дискриминација претставува:

*,,Индиректна дискриминација постои кога преку навидум неутрални прописи, одредби, критериуми, програми или практики, се става некое лице или група во понеповолна положба врз дискриминаторска основа во споредба со други лица или група лица, освен кога произлегува од легитимна цел, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно се соодветни и оправдани. "*

Имајќи ја предвид законската дефиниција, Комисијата не пронајде дека ЈСП Скопје воспоставило дискриминаторски практики кон вработените во претпријатието на работна позиција помлад возач на автобус во јавен превоз, согласно дистинкцијата помеѓу двете работни места: помлад возач на

автобус во јавен превоз и возач на автобус во јавен превоз која постои во систематизацијата на работни места во ЈСП Скопје. Непостоењето на дискриминација се заснова врз фактот дека за двете работни места се предвидени различни критериуми во однос на искуството и истите се различно категоризирани, при што кај работното место помлад возач на автобус во јавен превоз, станува збор за Б4 категорија, за која не е потребно работно искуство во струката, додека работното место возач на автобус во јавен превоз е Б2 категорија, за кое се потребни најмалку 2 години работно искуство во струката, согласно член 37-г од Законот за јавните претпријатија (Службен весник број: 38/1996; 9/1997; 6/2002; 19/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018; 35/2019; 275/2019; 89/2022; 274/2022;). Следствено на ова, одредбите од Колективниот договор на ЈСП Скопје кои служат за пресметување и одредување на бодови за пресметување на основната плата на вработените во претпријатието не претставуваат индиректна дискриминација согласно член 8 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, имајќи го во предвид фактот дека станува збор за 2 различни категории на возачи со различно искуство, при што различната исплата за двете различни работни места произлегува од одредба која има легитимна цел, а средствата за постигнување на истата се пропорционални и оправдани.

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став (1) од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Скопје
10.11.2023

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]
- Јавно сообраќајно претпријатие СКОПЈЕ, бул. Александар Македонски бр. 10, 1000 Скопје
- [redacted]
-
-

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk